РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-94/6
17. 03 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за акредитација на студиската програма „Компјутерско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за инженерство при Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за инженерство при Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по компјутерско инженерство /во меѓународен промет академски студии назив: Master of science in computer engineering.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки, 2 Техничко - технолошки науки

Научно – истражувачко поле: 109 Математика, 110 Информатика, 212 Компјутерска техника и информатика

Научно – истражувачка област: 10900 Математика, 10912 Применета математика и математичко моделирање, 10913 Програмирање, 10914 Друго, 11000 Информатика, 11002 Информациони системи и програмирање, 11003 Програмски јазици и системи, 11007 Алгоритми, 11009 Симулација, 11010 Развивање на софтвер и бази на податоци, 11011 Друго 21201 Програмски јазици и технологии 21202 Информациони системи и мрежи 21203 Бази на податоци 21206

Процесирање на податоци 224 Телекомуникационо инжинерство 22400 Теорија на информации и комуникации 22403 Радиокомуникација, 22405 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 20 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 100.17/2019 од 25.01.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за инженерство, Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.100.41/2019 од 31.01.2019 година (наш бр. 1409 - 94/1 од 31.01.2019 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409 - 94/6 од 28.02.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17 - та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски